Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 127/15, 192/15 и 39/16), Општина Битола, на ден 27.10.2020 година, донесе:

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ, Урбанистички план за вон населено место за формирање на градежни парцели со намена Е1.13-фотоволтаични електрани на КП Бр. 318/1, КП Бр. 318/2, КП Бр.319, КП Бр. 326, КП Бр. 330, КП Бр. 331, КП Бр. 334/1, КП Бр. 334/2 и дел од КП Бр. 3591 м.в. Брзо кај Чешма КО Лисолај - Општина Битола кој се носи согласно Одлука за отпочнување на постапка за изработка и донесување, кој го донесува Општина Битола не е потребно да се спроведе Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Битола на следната веб адреса/и: www.bitola.gov.mk

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животната средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегската оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена за донесување на планскиот документ Урбанистички план за вон населено место за формирање на градежни парцели со намена Е1.13-фотоволтаични електрани на КП Бр. 318/1, КП Бр. 318/2, КП Бр.319, КП Бр. 326, КП Бр. 330, КП Бр. 331, КП Бр. 334/1, КП Бр. 334/2 и дел од КП Бр. 3591 м.в. Брзо кај Чешма КО Лисолај - Општина Битола нема да има влијание врз животната средина од следните причини: се работи за обезбедување на површини за поставување на фотоволтаична централа т.е. обезбедување на електрична енергија од обновливи извори.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Општина Битола во рок од 15 дена од денот на објавувањето на веб страната.

Бр.08 - 940/22
29.08.2022
Општина Битола

ГРАДОНАЧАЛНИК

**Тони Коњановски**